**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
## од Четвртата седница на
## Националниот совет за евроинтеграции
## одржана на 27.10.2011 година

**Скопје, октомври 2011 година**

**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**Од Четвртата седница на Национален совет за евроинтеграции,**

**одржана на 27 октомври 2011 година**

Седницата се одржа во салата на Уставна Комисија на Собранието на Република Македонија, со почеток во 14:12 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Силвана Бонева, потпретседател на Национален совет за евроинтеграции.

**Силвана Бонева:**

Бидејќи имаме голем број на присутни да отпочнеме со работа.

Добар ден на сите, добро ни дојдовте на оваа наша заедничка седница на Национален совет за евроинтеграции.

Ја отварам Четвртата седница на Националниот совет за евроинтеграции. Констатирам дека на седницата се присутни доволен број на членови на Националениот совет за евроинтеграции со право на одлучување со што Советот може полноважно да одлучува. Поканата за оваа денешна седница заедно со материјалот, Предлог-заклучоците ви беа вчера доставени на вашата електронска пошта. На седницата се поканети и претставници од делегацијата на Европска унија во Република Македонија, од амбасадата на Република Полска во Република Македонија, од амбасадата на Република Унгарија во Република Македонија. Го поздравувам присуството на госпоѓа Марина Курте, политички советник од Делегацијата на Европска унија во Република Македонија и господинот Анжеј Калиновски, советник за европски прашања во амбасадата на Република Полска во Република Македонија. Од амбасадата на Република Унгарија во Република Македонија нè информираа дека нема да може да присуствуваат на седницата поради нивни неодложни обврски. Причината за ова итно свикување на Национален совет за евроинтеграции, сакам да ве информирам дека е во тоа што во текот на вчерашниот ден успеавме да постигнеме политички консензус по однос на заклучоците кои што треба како Национален совет за евроинтеграции да бидат одлучени, изгласани и доставени до Собранието на Република Македонија и

Собранието на Република Македонија да расправа по заклучоците на Национален совет за евроинтеграции.

За оваа седница затоа го предлагам следниот дневен ред со една единствена точка, тоа е:

Предлог заклучоци на Национален совет за евроинтерграции по Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2011 година.

Ве молам да го усвоиме предложениот дневен ред.

Дали има некој што е против овој дневен ред? Нема.

Бидејќи нема, констатирам дека дневниот ред е усвоен.

Преминуваме на точката од дневниот ред, Предлог-заклучоци од Национален совет за евроинтеграции по Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2011 година. Се надевам дека имавте време да ги разгледате предлог заклучоците кои што беа доставени до сите вас, посебно до колеги членови на Национален совет за евроинтерграции кои што не припаѓаат на политичките партии кои што се именувани, преставници во Национален совет за евроинтеграции бидејќи колегите кои што се преставници на политичките партии веќе ги знаат усогласените ставови по однос на заклучоците и затоа по тој повод отворам расправа по однос на заклучоците кои што ви беа доставени.

Повелете дали некој бара збор по однос на заклучоците?

Повелете господине Кенан Хасипи.

**Кенан Хасипи**: Благодарам.

Генерално со оглед на фактот дека се усогласени заклучоците немам некоја генерална примедба, меѓутоа до колку е можно во членот 9 каде што се вели дека Советот со жалање го нотираше отсуството на употребата на придавката, да се додаде зборот повторното отсуство, бидејќи ова не е прва година, втора година по ред отсуствува придавката македонски, а ние како Национален совет за евроинтеграции минатата година не реагиравме со посебна точка во заклучоците што ги донесовме. За волја на вистината иако овде беше критикувано дека било најавено и во образложението на поедини претставници на Националниот совет за

евроинтеграции дека реагирале на недостиг на придавката македонски за жал, во заклучоците на најде место. Заради тоа го потенцираме би сакал да се вметне зборот повторното, бидејќи ова е втора година по ред што не се употребува придавката македонски, повторното отсуство на придавката македонски. На тој начин ќе констатираме дека и минататата година сме биле на исто мислење до колку го вметнеме ова зборче, а суштински битно ништо не менува. Благодарам.

**Силвана Бонева**:

Благодарам господине Хасипи.

Има збор господинот Антонио Милошоски, повелете.

**Антонијо Милошоски**:

Благодарам госпоѓо претстедавач Бонева.

Јас би сакал да кажам две работи. Прво сметам дека самиот факт што сме многу блиску од донесување на заеднички заклучоци во рамките на Националниот совет за евроинтеграции докажува дека сите политички релевантни фактори во македонското Собрание, но и во македонското општество, без разлика на нашите политички дебати, разлики, различни толкувања по однос на содржината на Извештајот укажуваат две работи. Прво дека Извештајот и изнесените оценки се примаат како сериозен документ и втора дека нашата заедничка цел се евроинтегративните процеси кои што се приоритет и за Собранието на Република Македонија и за политичките субјкети застапени во ова Собрание но и во целата држава. Од таа гледна точка изразувам задоволство што беа прифатени сугестиите да се додаде посебна точка 9, на која што сега реферираше и колегата Кенан врз основа на европските принципи да се напомене и да се упати еден апел до Европската комисија да ги почитува различностите вклучително и македонските особености во овој европски мозаик и втората забелешка која што беше прифатена како предлог во точката 10 поврзана со потребата за одржување на грчко македонскиот дијалог да се напомене дека билатералните проблеми според европските правила и критериуми не се дел од Копенхашките критериуми за членство во Унијата. Од таа гледна точка сметам дека ваквите заклучоци ќе можеме,

ако сега ги усвоиме со консензус со задоволство да му ги претставиме на Собранието и истите да добијат собраниска верификација. Благодарам.

**Силвана Бонева:**

Ви благодарам господине Милошоски.

Збор има господинот Талат Џафери, повелете.

**Талат Џафери:**

Ви благодарам госпоѓо претседавач.

Врз основа на вчерашната координација во Собранието на Република Македонија, координаторите на пратеничките партии зедоа за обврска да ги усогласат заклучоците заради фактот што од вчерашниот ден имаше некои разлики во врска со содржините на заклучоците. Денеска сме собрани тука да ги разгледуваме Предлог-заклучоците усогласени од вчерашниот состанок и сметам дека за да не навлегуваме во темата значи колку и да е формално еден збор да се додава или два збора или пет збора без разлика која е целта сметам дека суштината на проблемот е јасна за време на формулација на овие заклучоци и како таква јас преферирам мислење да може да даваат и членовите на Националниот совет кој што се надворешни членови не партиски, но со сугестијата што ја дадовте на почетокот дека заклучоците веќе се усогласени.

Да не отвараме дискусија за навлегување за некоја промена затоа што тогаш ќе отвораме можност секој од својата гледна точка како што го гледа проблемот може условно кажано да има право да сугерира со други промени. За тоа ќе се отвори еден долг пат кој што беше затворен за време на вчерашната координација.

Јас сугерирам доколку има некој од членовите надворешни да каже нешто, би било добро да се слушне, но да се држиме на овој заклучок што сме го усогласиле и да поминеме на усвојување на заклучоците, за потоа да може да дискутираме во Собранието за време на пленарната седница и да се заврши дискусијата со усвојување на заклучоците. Но доколку отвориме дискусија без можни заклучоци тогаш ќе биде одвишно. Ова е мојата сугестија да не навлеземе за можни додатоци

или промени. Мислам тоа што веќе е усогласено со нашите ставови за време на вчерашната наша средба. Ви благодарам.

**Силвана Бонева:**

Ви благодарам господине Талат Џафери за вашата добронамерна забелешка.

Збор има господинот Гордан Георгиев, повелете.

**Гордан Георгиев:**

Ви благодарам почитувана колешке.

Еве јас да се придружам на убавите зборови на колегата Милошоски, многу кратко, две реченици буквално. И мене ми е драго дека успеавме да ги усогласиме заклучоците ние имавме веќе трет, четврти ден и по комисии и на пленарна седница прилично жестоки дебати за Извештајот и за перспективите во Македонија. Тие се политички дебати, тие не се спорни, тие се легитимни и треба да се отвараат некогаш пожестоко, некогаш помалку жестоко и не треба да бега никој од нас од тоа. Впрочем и заклучоците го потврдуваат тоа дека Собранието на Република Македонија доколку се изгласаат, се разбира пратениците во Собранието се свесни за проблемите со кои што се соочува Република Македонија. Особено во точката 3 каде што се вели дека ќе се обврземе да се надминат слабостите особено оние истакнати во Стратегијата за проширување и главните предизвици 2011-2012 . Ние знаеме кои се тие слабости, со тоа кажуваме дека сме спремни да се фатиме во коштец со проблемите пред се јавната администрација, судството, медиумите и корупцијата.

Единствена работа што може да ми биде криво и жал е дека читајќи ги овие заклучоци првиот човек на државата премиерот Груевски, според неговите изјави испаѓа дека тој не се согласува со овие заклучоци, но тоа е веќе друга тема за дебата. Благодарам и повторно ги подржувам овие заклучоци.

**Силвана Бонева:**

Благодарам господине Гордан Георгиев.

Сега му давам збор на претседателот на Синдикатот, господинот Живко Митревски.

**Живко Митревски:**

Благодарам заменик претседателке на Националниот совет.

Навистина од името на синдикатите во Република Македонија ми причинува посебно задоволство да го изразам тоа наше задоволство за консензусот што е постигнат помеѓу политичките субјекти во Република Македонија, во делот на формулирањето на овие заклучоци, по исклучително значаен документ, во исклучително значаен момент и се надеваме дека како синдикати кои ги застапуваат социјално материјалните економски интереси на работниците во Република Македонија дека ваков консензус политичките субјекти ќе имаат и ќе промовираат во сите други прашања, се со цел Република Македонија што е можно побрзо да се приклучи во овие евроинтеграциски процеси.

Во делот на одредени сегменти во кој што зборував на минатата седница од социјален материјален аспект не интересира, се надевам дека ќе имаме една поинтензивна дебата и дека и во смисла на некои наши предлози кои ги имаме во делот на формирање на одредена работна група дека ќе определиме и динамика со цел истите да бидат реализирани на начин како што заеднички ќе договориме. Благодарам.

**Силвана Бонева:**

Благодарам господине Митревски.

Сега после искажаните ставови на сите политички партии дали има согласност и од господинот Кенан Хасипи, предлогот кој што беше искажан од повеќето наши колеги дали да се впуштаме на промени на текстот или да останеме на начелно усогласените заклучоци, се со цел заеднички тоа што го договаравме да биде усвоени.

Повелете господине Хасипи.

**Кенан Хасипи:**

Благодарам.

Во ред, нема никаков проблем заклучоците кои што се усогласени да не претрпат никаква измена. Сакам само уште две реченици да додадам. Ова не случајно го напомнав од причина што спрема изјавата на господинот Ерван Фуере она што се случи минатата година испуштање на придавката македонски и тој ја окарактеризира како грешка. Сега испаѓа дека не било грешка, дека тоа било став на Европската комисија која се повторува и оваа година и затоа јас сакам тоа да се потенцира. Меѓутоа, бидејќи ставовите се усогласени да не влегуваме во додавање или одземање на зборови, ги прифаќам онака како што се формулирани. Благодарам.

**Силвана Бонева:**

Благодарам господине Хасипи за вашата конструктивност, за конструктивноста на сите претставници на политичките партии, кои што беа вклучени во овој процес на договарање и мене ми е искрено мило што можеме заеднички да констатираме дека имаме заклучоци кои што ги донесуваме со консензус, бидејќи не гледам дека има разлики по однос на заклучоците, по однос на точките кои што се наведени во заклучоците, мене ми е мило уште еднаш да кажам дека без оглед на жестоките расправи во Собранието на Република Македонија, пратениците во Република Македонија во Собранието на Република Македонија успеаа да постигнат консензус по најважното прашање, кое што ги тангира интересите на граѓаните на Република Македонија, а тоа се евроинтеграциите и да понудиме на Собранието на Република Македонија заклучоци, кои што ќе бидат предизвик за наше понатамошно идно дејствување.

Морам да напомнам дека имаше согласност од сите политички партии да внесеме и уште еден заклучок од кој што ќе прочитам само дел од точка 4, дека се задолжуваат работните тела на Собранието на Република Македонија, да го следат Акцискиот план и реализацијата на препораките од Извештајот за напредокот за 2011 година како и Националната програма за усвојување на правото на Европска унија. Знаете дека вчера заменик претседателот на Владата госпоѓата Теута Арифи не извести дека туку што се изготвува Акциониот план и дека до месец декември ќе

ја имаме Националната програма. Со еден ваков заклучок даваме една силна обврска на собраниските тела согласно со Националната програма и согласно со Акциониот план да ја усогласат својата работа и да ги надминат сите оние забелешки кои што да ги разгледаат и да се обидат да ги надминат забелешките кои што се дадени од страна на Европската комисија.

Бидејќи не гледам дека има некој што има уште дополнително нешто да каже по однос на заклучоците, констатирам дека по повод Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2011 година Советот ги донесе заклучоците со консензус.

Заклучоците ќе бидат доставени како што си е ред до Собранието на Република Македонија, се надевам дека во текот на денешниот или утрешниот ден ќе бидат изгласани, исто заклучоците ќе бидат доставени до Владата на Република Македонија и Делегацијата на Европска унија во Република Македонија.

На сите присутни искрено ви благодарам што денес иако беше итна седница, одделивте од вашето слободно време и дојдовте овде, а на моите почитувани колеги уште еднаш искрена благодарност за конструктивните дискусии кои што не доведоа до заедничи заклучоци.

Благодарам.

Седницата заврши во 14.33 часот.